СМРТ НА ФАШИЗАМОТ

СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

# Службен весник

НА ФЕДЕРАЛНАТА ЕДИНИЦА МАКЕДОНИЈА ВО ДЕМОКРАТСКА И ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„Службениот весник" излегува еднаш неделно—Ракописите не се враќаат—Огл. по тарифата. Чек. с_ка 81_109

30 ЈУНИ 1945 ГОД.
Број 12 Год. I

ЦЕНА 1.50 ДИН. ОД ТАБАК
ЦЕНА НА ОВОЈ БР. Е 1.50 ДИН.
Претплата за 6 месеци 110 динари

79

**На предлогот на Министерот за Земјоделие и шумарство, а поради неопходимоста од машинисти-трактористи, кој кје раководат машино-тракторните станции, кои станици требе да се основат во сите околии за по-рационално исползуване на работната земја, и кои станции се етап за машинизација на земјоделските стопанства. Министерскиот Совет на Демократска Федерална Македонија, на своето заседание од 30. V. 1945 година го донесе следното**

## РЕШЕНИЕ: [1]

1. — Да се открие курс за машинисти-трактористи при Државниот завод за добиток „Вардар" крај гр. Скопје, кој ке трае од 5. VI. до 25. VI. 1945. година. Испитите да се одржат од 20. VI. до 25. VI. 1945. година вклучително.

2. — Програмата на курсот да е следната:

а) основните работи од физика, механика и математика;

б) делови на машините;

в) упознавање на материали;

г) мотори со внатрешно горење;

д) распознавање на трактори;

и) земјоделски машини за тракторско влечење;

е) гледане и поправка на траткорот и земјоделските машини;

ж) земјоделска работа во врска со тракторот;

з) организација и работа на земјоделските машински станции;

и) историја на народната борба;

ј) организација на народната власт;

к) прва помокј во несрекни случаи;

л) пожар и запазуене од него;

н) кооперативни дело.

3. — За покривање на минималните расходи за храна и пренокјуване и други на курсистите, одобрува се кредит од Државната каса на сума од 50.000.— (петдесет хилјади) динари.

Скопје, 30. V. 1945. год.

Министер
За земјоделие и шумарство
*Б. Фотев*, с. р.

Председател на народната влада
на Демократска федерална Македонија
*Л. Колишевски*, с. р.

1) При отпечатуењето на горното решение во бр. 9 на службениот весник од 5. VI. т. г., по пропуск на редакцијата ја допусната следната грешка: во заглавието на решението, вместо „машинизација" на земјоделските стопанства напечатено е „колективизација" на земјоделските стопанства .

Во овој број го предаваме точниот текст на решението.

80

## РЕШЕНИЕ:

### ЗА СОЗДАВАЊЕ НА ЗЕМАЛСКАТА КОМИСИЈА ЗА „ВОЕНА ШТЕТА"

Чл. 1.

Создава се Земалска комисија за „воена штета" при претседателството на народната влада на Демократска федеративна Македонија како орган на Државната комисија за „ратна штета" при претседништвото на Министерскиот Совет на Демократска Федеративна Југославија.

Чл. 2.

Земалската комисија за „воена штета" раководи со целокупната служба за „воена штета" на територијата на Федерална Македонија.

Чл. 3.

Земалската комисија за„ воена штета" има за задаток да ги собере сите сведенија за „воена штета", да ги провери и во предвидените од правилникот случаи процени штетите направени на територијата на Федерална Македонија.

Чл. 4.

Како „воена штета" по овоа решение се смета: загуба на животот изгубуење на лицата, повреда на здравјето и полниот интегритет, лишаване на слободата и увреда на честа како и уништуење и оштетуење на покретниот и непкоретниот имот, извршено од воените непријатели и нивните помагачи или заради воените условија од бившата југословенска војска, Народно-ослободителната војска, патризанските одреди на Југославија, Југословенската армија, како и од сојузничката војска.

Штета на имотот се утврдуе спрема состојанието од 5 април 1941 година.

Чл. 5.

Земалската комисија за „воена штета" се состои од претседател, секретар и един член, како и потребен број спомагателен персонал.

Претседателот и членовите на комисијата се поставуват од претседателот на Народната влада на демократска федерална Македонија.

Чл. 6.

Сите органи на Народна власт, јавни и часни установи и институции и часни лица се должни да ги дадат сите сведенија за војната штета и сполнуат наредбанијата согласно чл. 2 и 3 на овоа решение.

Чл. 7.

Претседателот на Народната влада на демократска федерална Македонија ке донесе правилник за организација и работа на земалската комисија за „воена штета".

Чл. 8.

Ова решение влегуе во сила од денот на објавуенето.

Претседател на Народната влада на
демократска федерална Македоанија
*Л. Колишевски*, с. р.

81

**По предложение на министерскиот совет на Народната влада на Демократска федерална Македонија и докладот на Законодателниот одбор при Президиумот на Народното собрание на Македонија, на своето заседание од 1 јули 1945 г. донесе следниот:**

## З А К О Н

**За укинуењето на Решението на АСНОМ за создаване на Суд за суденје на престапленијата извршени против македонската национална чест од 30 XII 1944 год. и Законот за изменение и дополнение на Решението на АСНОМ за создаваење на Суд за суденје на претсапленија извршени против македонската национална чест од 16 април 1945 година.**

Чл. 1

Решението на АСНОМ за создаване на Суд за суденје на престапленијата извршени против македонската националната чест од 30 XII 1944 год., како и Законот за изменение и дополнение на Решението на АСНОМ за создаване на Суд за суденје на престапленијата извршени против македонската национална чест од 16 април 1945 год се укинуват исцело и се турат ван снага, бидејки да истите изиграја својата ролја во една определена етапа и сега се укажуват како непотребни.

Престапленијата и злодејанијата извршени против татковината ке се разгледуват и пресудуавт од редовните Народни грагјански или војни судови.

Чл. 2

Овој Закон влегуе во законска сила со денот на објавуењето.

Секретар на Презид. на Нар. Собр. на Македонија
*Д-р Б. Спиров с. р.*

Претседател на Презид. на Нар. Собр. на Македонија
*М. Андонов-Ченто, с. р.*

82

## УРЕДБА

**за привремено регулиране на наемните одношенија за квартири и локали во Демократска и Федерална Македонија**

Чл. 1. — Наемните цени за квартири и локали на територијата на федерална Македонија, со исклјучение на Скопје и Битола се намалуват за 25% — 60% од наемните цени на 1 септември 1939 год., а за квартири и локали кои за прв нат се дадени под наем мегју 1 септември 1939 год. и 6 април 1941 год. наемната цена се намалуе со истиот процент од тајз на ден 6 април 1941 год.

За квартири и локали кои за прв пат са дадени под наем после 6 април 1941 год. определуење на наемот кје изврши по саканје на заинтересованите лица местниот народен одбор со своје решение имајки пред вид определениот процент на намалуењето на наемот во това место, како и стојноста на парите во моментот кога наемот е уговорен.

Наемната цена на квартири во гр. Скопје се намалува за 60%, а во гр. Битола за 50% од онаја која је била на ден 1 септември 1939 год.

За локалите во градовите од претходната алинеја наемната цена кје биде 10% по-голема од таја на квартирите.

Висината на процентот од алинеја прва на овој член кје ја определуват Местните Народни Одбори, водејки сметка за местните прилики.

Чл. 2. — Наемот обхванує разноските за осветление на обштите простории, за изнесуење на смет и чистење на оџаците, па од наемателот за овија работи не може да се тражи одделно доплатуење, а пак разноските за арчење вода и осветление во одделните простории се за сметка на наемателот, до колку со договорот за наем не е инаку предвидено.

Чл. 3. — Според чл. 1 од оваја Уредба, намалениот наем може исклјучително да се повиши до 30% ако е квартирата или локалот следствие војната значително оштетен па е поради това било нужно [illegible] главната поправка, сврзана со поголеми арчои, и ако со това се постигнуе осетно подобрение за живеене во квартирата односно вршење на стопанска дејност во локалот.

Чл. 4. — Во случај на чл. 3 од оваја Уредба решение за повишуење на наемот донесуе по трагење на наемодателот надлежниот Околијски народен суд.

При донесуење на решението судот кје земе под внимание направените разноски за оспособуењето за употреба на зградата од војната упропастена.

Против решението на околијскиот народен суд заинтересованото лице може да поднесе жалба на областниот народен суд во рок од 3 дена. Решението на областниот суд е окончателно.

Чл. 5. — Забранува се во иднина пренаем на квартира или делови од квартирата. Од това се исклјучуе наемот на мебелирани соби односно една, а во по-големите квартири и до две празни соби на лица кои квартируват во односното место.

Висината на пренаемот мора да се движи во сразмерот на намалениот наем во смисол на чл. чл. 1 и 3 од оваја Уреба при правилно доплатуење за употребата на мебелот при мебелираните соби. Во случај спор, висината на наемот ја утврдува местниот народен одбор.

Чл. 6. — Необходимите поправки на квартирата или локалот, кој са настанали од редовната употреба или поради виша сила, кје ги поднесуе наемодателот.

Чл. 7. — Наемодателот не може да го откаже договорот за наем на квартира или локал, осим во следните случаи:

1) Ако квартирата или локалот му се нужни за лично квартируване односно за вршење стопанска дејност, а наемодателот нема во истото место квартира или локал во своја или тугја зграда при кје судот кје земе пред вид сите обстојателства на конкретниот случај.

2) Ако е одобрено соборуењето на зградата во цел за подигнуење на нова.

3) Ако наемателот злонамерно или со груба невнимателност го штети и расипуе наемниот имот, така да тој видно се оштетуе.

4) Ако е нужна позначителна поправка на зградата оштетена по случај обстојателствата создадени во војната, а пак испразнуењето на наемните простории е необходимо за поправка на зградата. По оспособуењето на зградата, првенство за земање под наем има поранешниот наемател

5) Ако наемателот не плати должниот наем во рок од три месеца сметајки од денот когај плаќањето е уговорено, со исклјучение ако наемателот е заради беспослица или неспособност за привредуење во невозможност истиот да го плати.

6) Ако наемателот, неговите домашни или пренаемателот водат во квартирата очибијуште неморален или соблазнителен живот или допуштат да други това прават.

7) Ако наемателот, постапи против одредбата на алинеја прва од чл. 5 од оваја Уредба.

Во случај на откажуење по предходната алинеја на наемателот мора да му се даде срок од најмалко месец дена сметајки од денот на откажуењето

Чл. 8. — Се прекратуе секое принудително иселуење на основание исполнителните решенија, кои не са донесени од надлежната народна власт.

Чл. 9. — При липса на празни квартири за сместуење на лицата без квартира, станбените власти можат да земат од досегашните притежатели на квартири еден дел од просториите, водејки сметка за дејствителната возможност за делба на квартирата, бројот на членовите на фамилијата и занјатието на притежателите на квартирата.

Никој не може да има две квартири, било во самиот град, било едната да е во самиот град, а другата во непосредната близина на градот (вила).

Чл 10. — Ако наемодателот земе или наемателот плати по голем наем од колку што е по оваја Уредба, или воз основа на неја донесеното решение на народната власт позволено, ке биде глобен до 5.000 дин. или накажан со принудителна работа до 3 месеца.

Со истата казна кје бидат казнети и лица кој држат две квартири во смисол на алинеја втора од предходниот член.

Престапленијата по оваја Уредба ги разгледуват околијските народни судови.

Против решението на околијските народни су-

дови заинтересованите имат право жалба во рок од 3 дена до областните народни судови, чије решение е окончателно.

Чл. 11. — Оваја Уредба влегува во сила кога се обнародува во „Службен весник" на федерална Македонија.

Од тој ден губат сила: 1) Повелбата на Президиумот на АСНОМ за времено уредување на наемните отношенија и за принудително зимање и располагање со станови во Македонија од 25 I 1945 год. и 2) Повелбата № 35 за изменение и дополнение на Повелбата за уредување на наемните отношенија и за принудително зимане и располагане со станови во Македонија од 16. III 1945 год.

Намалуењето на наемната цена по оваја Уредба е од 1 мај 1945 год.

Министер на социјалната политика
*Д-р Неџат Аголи с. р.*

потпретседателот на Народната влада
*Л. Арсов с. р.*

83

**Министерскиот совет на Федерална Македонија по предлог на министерот на градежите донесе следната**

## УРЕДБА

### за создавање на Федерално автомобилно предпријатие за Македонија

Чл. 1

Се создава Автомобилно Предпријатие со название: „Федерално автомобилно предпријатие за Македонија" (ФАП)

Чл. 2

Седалиштето на предпријатието е Скопје.

Чл 3

Целта на предпријатието е да организира и подржва автомобилниот саобраќај на територијата на федералната единица Македонија за пренос на стоки и превоз на патници.

Чл. 4

За успешно вршене на службата предпријатието можи по внатрешноста да основа филијали кои се грижат за организиране и подржане на саобраќајот на една определена линија.

Во местата каде врви автомобилната линија можи да се основат стални и времени автомобилни — автобусни — станции.

Чл. 5

Основниот обртен капитал на предпријатието е 3.000.000 д. ДФЈ која сума внаса федералната влада на Македонија.

По предложение на Управителниот совет на предпријатието и со согласие на Министерот на градежите, Министерскиот совет можи да поголеми основниот капитал.

Чл. 6.

Со чистата печалба на предпријатието ке располага Министерот на градежите во согласие со министерот на финансиите.

Чл. 7.

До крајот на м. јануар секоја година предпријатието објавува биланс за миналата година, подписан од членовите на управителниот совет и министерот на градежите, или од него ополномоштено лице.

Чл. 8

За сите работи на предпријатието гарантира федерална Македонија.

Чл. 9

Предпријатието е автономно кое се управлјава од управителен совет до 7 члена. Управителниот совет се состои од еден директор, негов помошник, еден секретар и по еден представител на министерството на градежите, трговијата, индустријата и рударството и финансиите, кои се назначуват од Министерскиот совет.

Надзор на работата на Управителниот совет врши министерот на градежите.

Чл. 10

За целата работа на предпријатието, одговара управителниот совет пред министерот на градежите.

Чл. 11

Предпријатието се представлјава и подписва од директорот, односно во негово отсаствие од неговиот помошник и од секретарот.

Управителниот совет може да ополномошти некој член на Советот, или раководител на филијалата да водат некоја определена работа на Предпријатието за определено и неопределио време.

Чл. 12.

По близки разпоредби за работата и организацијата на предпријатието ке пропиши министерот на градежите со правилник.

Чл. 13.

Задолжително толкуване на оваа уредба дава Министерот на градежите.

Чл. 14

Ова Уредба стапва на снага од денот на објавувањето.

Министер на градежите
*Инж. Г .Василев, с. р.*

потпретседателот на Народната влада
*Л. Арсов, с. р*

84

## РЕШЕНИЕ

**На Министерскиот совет за поништување на решението на Президиумот на АСНОМ бр. 2 од 25 I 1945 год. со кое е назначена Времена Комисија за кооперативно дело при Президиумот.**

**Со оглед на обстојателството да е извршено назначението на времената Комисија од страна на Президиумот на АСНОМ во качеството му на временен извршител на изполнителната власт, Министерскиот совет на своето заседание од 4 VII 1945 год. а на основание чл. 6 од Законот на Народната влада на Македонија**

## РЕШИ:

Се поништува решението на Президиумот на АСНОМ бр. 2 од 25 I 1945 год., со кое е назначена Времената Комисија за Кооперативно дело при Президиумот во состав:

1. Д-р Борис Спиров;
2. Густав Влахов;
3. Инж. агр. Стојан Лазаров;
4. Јордан Сапунџиев;
5. Михо Ивановски;
6. Пане х. Пецов;
7. Илија А. Јнески;
8. Драган В. Спасов;
9. Никола Д. Христов.

Претседател на Народната влада
*Л. Колишевски, с. р.*

85

## РЕШЕНИЕ

**На Министерскиот совет за ослободување од должност на досегашните членови на извршниот одбор на „МАЦЕКООПС".**

**На основание чл. 6 од Законот на Народната влада на Македонија, Министерскиот совет на своето заседание од 4 VII 1945 год.**

## РЕШИ:

Да се ослободат од досегашната им должност на членови на извршниот одбор на „МАЦЕКООПС" следните лица:

Илија А. Јанески;
Драган В. Спасов
Јордан Сапунџиев — Кривелин
Асен Кавзев и
Д-р Крсто Шанданов — назначени со решение бр. 1476 од 11 IV 1945 год.

Претседател на Народната влада
*Л. Колишевски, с. р.*

86

## РЕШЕНИЕ

**На Претседателот на Народната влада на Македонија за назначаване на Претседател и членови на Комисијата за кооперативно дело.**

**На основание чл. 2 ал. II од Уредбата за Создавање на Комисијата за кооперативно дело**

**РЕШАВАМ:**

Да се за Претседател на Комисијата назначи: Илија Јанески, а за членови на истата комисија: Лилјана Чалјовска, Д-р Г. Гаврилски, Инж. агр. Стојан Лазаров, Ацо Петровски, д-р Борис Спиров и Георги Н. Ивановски.

Во Скопје, 4 јули 1945 год.

Претседател на Народната влада
*Л. Колишевски, с. р.*

87

**На основание чл. 6 од Законот за Народната влада на Македонија, Народната влада на Македонија ја донесува следната**

## УРЕДБА

**за создавање на комисија за кооперативното дело**

Чл. 1

При Преседателството на Народната влада на демократска федерална Македонија, се создава Комисија за кооперативно дело.

Чл. 2.

Предназначението и задолженијтаа на Комисијата са:

1. да ги регистрира кооперациите на територијата на федерална Македонија и направлава целата нивна организциона и административна дејност;

2. да создаде, од сродните по целта кооперации кооперативни сојузи а од последните главен Сојуз на кооперациите во Македонија;

3 .да координира работата на оделните Сојузи на кооперации со цел да се постигнат што по-добри резултати во исполнението на поставените им задачи;

4. да контролира целокупната дејност на сите кооперации и за најдените неправилности или злоупотребленија го известува Претседателството на Народната влада и јавниот обвинител на Македонија;

5. да води сметка работата на кооперациите да се движи во согласие со општите усилија за обнова на народното стопанство;

6. да настојава во најскоро време да се одржат собранија на кооперациите за да се овозможи нивната демократизација и по тој начин создадат услови за нивното по големо активизирање;

7. да предлага на кооперациите обшта програма за кооперативна работа со цел взаимно да се употполнува дејноста на кооперациите;

8. да дава пострек и нужната помош во формирането на новите кооперации;

9. да предлага на Претседателството на Народната влада донесувањето на Уредби, правилници, наредби и др.,, нужни за изградувањето на кооперативното дело во Македонија;

10. да дава сите директивни напатствија за кооперациите и

11. да работи на културно-просветното повдигане на кооператорите со брошури, курсеви, напатствија и др.

Чл. 3.

Во составот на Комисијата влегуват: Претседателот на Комисијата, нужниот број членови за ефикасно изполнение на горните задачи и помошен, административен персонал.

Претседателот и членовите на Комисијата ги назначува Претседателот на Народната влада.

Чл. 4.

Начинот на функционирането на Комисијата и по-подробни упутства за нејната организација кје бидат пропишани од Претседателот на Народната влада на Македонија.

Чл. 5.

Оваја уредба влегува во сила од денот на нејното објавуење во „Службен весник".

потпретседател на Народната влада
*Л. Арсов, с. р.*

88

**На основание предлогот на Министерот за индустрија и рударство, Министерскиот совет на народната влада на демократска федерална Македонија ја донесуе следната**

## УРЕДБА

**за организирањето и работата на државните индустриjски и рударски предпријатија**

Чл. 1.

Сите државни индустриjски и рударски предпријатија во надлежност на федералната влада, за кој ке определи Министерот за индустриjата и рударството на федерална Македонија, ке се организират како оделни правни лица и ке работат на комерцијална база.

Чл. 2.

Сите наведени предпријатија по чл. 1 на оваја Уредба се ослободуат од уредбата за др. рачуноводство и законот за главната контрола.

Чл. 3.

Сите наведени предпријатија по чл. 1 од оваја Уредоа ке се управлјават од Управни Одбор од 3 до 7 члена, во зависност од обемот на работата. Членовите на управниот одбор ги поставуе и сменуе Министерот за индустриjата и рударството.

Чл. 4.

Директорот, односно Упрвителот, на предпријатието ја и председател на Управниот одбор.

Чл. 5.

Секоје предпријатије има основен капитал, висината на кој ја определуе Министерот за индустрија и рударство во согласие со Министерот на финасиите. Капиталот го уплатуе Федералната единица Македонија. Доколко постоејките предпријатија имат имуштество, истото комисијски ке се процени и проценетата стојност ке се смета као дел од основниот капитал на предпријатието.

Чл. 6.

Предпријатијата ке функционират самостојателно. Ке можат во основа на своjте непокретни имоти да склјучват заеми од стопанско-финансиjските установи по предходно одобрение на Министерот за индустриjа и рударство.

Чл. 7.

Две или повекје предпријатија може да се споат во едно или одвојат.

Чл. 8.

Решението за споуенето и одвоуенето го донесуе Министерот за индустрија и рударство.

Чл. 9.

Со печалбите на предпријатијата располага Министерот за индустрија и рударство во согласие со Министерот на финансиите.

Чл. 10.

Надзор над сите предпријатија ке врши Министерот за индустриjа и рударство а рачунската контрола и министерството на финансиите.

Чл. 11.

Министерот за индустрија и рударство со оделни статути ке пропише поблиски одредби за организацијата и работата во предпријатието.

Чл 12.

Одлука за укинуење на некој предпријатија до-

несуе Министерот за индустрија и рударство во согласие со Министерот на финансиите.

Чл. 13.

Оваја Уредба влегуе во сила веднага.

гр. Скопје, 6 ј уни 1945 год.

Министер
за индустрија и рударство,
*Ст. Гигов*, с. р.

Министер
на Народната Влада на Македонија,
*Л. Колишевски*, с. р.

89

## УРЕДБА

### За изузимането на државните стопански предпријатија од прописите на Уредбата за Државното рачуноводство и Законот за Главната контрола

Чл. 1.

Сите државни стопански предприатиа, организирани како оделни правни лица при разните ресорни министерства и поставени на комерциална база, се иземаат од прописите на Уредбата за Државното рачуноводство и Законот за Главната контрола.

Чл. 2.

Секаква употреба на новчаните средства или имовина на државните стопански предприатиа надвор од рамките определени во статутите на истите, не ке може да се изврши без предходното одобрение на Министерот на финансиите.

Чл. 3.

Поред надзорот кои вршат ресорните министри, министерот на финансиите, преку своите ополномоштени органи врши финансиска и рачунска контрола над работата на државните стопански предприатиа и за намерените неправилности и нанесената на државната хазна материална штета, ке може да превзима законски мерки за подведуене под одговорност на провинилите се лица и за осигуруене наплатуенето на нанесената од нив материална штета.

Чл. 4.

Оваја Уредба влезуе во законска сила со денот на објавуенето.

Минитсер на финасите,
*Л. Арсов*, с. р.

Председател
на Народната влада
*Л. Колишевски*, с. р.

90

## УРЕДБА

### За изменение и доплнение на уредбата за засилуење на приходите на Народните Одбори на федерална Македонија за 1945 година № 6. од 19 мај 1945 година.

Чл. 1.

Чл. 3 точка 13. од Уредбата за засилуење на приходите на Народните Одбори во федерална Македонија за 1945 год. се изменуе и гласи:

На пасишта:

На добиток кој се пушта да пасе по селски односно општински пасишта

а) на една глава едер добиток, годишно,
динари — — — — — — — — — — 15.—

б) на една глава дребен добиток, годишно,
динари — — — — — — — — — — 5.—

Чл. 2.

Оваја уредба влегуе во сила веднага и се прилага за 1945 год.

Одобрена од Министерскиот Совет на Народната влада на Федерална Македонија на заседанието од 22 јуни 1945 год.

за министер на финансиите:
*Стевче Арсов*, с. р.

Претседател на Народната влада
на Федерална Македонија
*Л. Колишевски*, с. р.

91

## РЕШЕНИЕ:

### за правописот на македонсиот јазик

На основание чл. 6 и 7 од Законот за народната влада на Македонија, а на предлог на Комисијата за јазик и правопис при Министерството на народната просвета, Министерот на народната просвета го донесуе следното:

## РЕШЕНИЕ:

Чл. 1.

Македонскиот правопис, предложен од Комисијата за јазик и правопис при Министерството на народната просвета, се приема како официален правопис.

Истиот ке се отпечати во засебни книшки, како изданје на Министерството на народната просвета.

Чл. 2.

Ова решение влегуе во сила со денот на објавуенето.

Скопје, 7. VI. 1945 год.

Министер на просветата
*Н. Минчев*, с. р.

92

**На основание дополно прибраните сведенна, од кои е установено по безпорен начин, дека Михајло Ст. Николич, адвокат од Белград, бив, пленик на југословенската армија во Германија, е соптсвеник на мајоритетот од акциите на Трговско-индустриската банка „Вардар“ А. Д. во Скопје, и да тиа акции не са станали собтсвеност на Германскиот рајх нити пак са попаднали под удар на Одлуката на АВНОЈ од 21 ноември 1944 год., како и во врска со постигнатото споразумение со Савезното министерство на финансиите во неговиот акт VII. Бр. 2893 од 14 јуни 1945 год., донесувам следното**

## РЕШЕНИЕ

Го ставувам ван снага решението ми за ликвидацијата на Трговско-индустриската банка „Вардар“ А. Д. — Скопје и за преостапуењето имуштество на Македонската стопанска банка во Скопје I. Бр. 2618 од 16 мај 1945 год. објавено во служебениот весник на федерална Македонија бр. 7 и 8 од. 1 јуни 1945 год., и со това ги анулира вземаните евентуални мерки за приложуенето на това решение.

Горното решение да се објави во службениот весник на дем. фед. Македонија.

Потпретседател на Народната влада и
Министер на финансиите,
*Л. Арсов*, с. р.

# СОДРЖАНИЕ


| | | стр. |
|---|---|---|
| 79 | Решение за отварање на курс за машинисти-трактористи при Државниот завод за добиток „Вардар — — — — — — — — — | 1 |
| 80 | Решение за создавање на земалска комисија за „воена штета“ — — — — — — — — — | 1 |
| 81 | Закон за укинување на Решението на АСНОМ за создавање на Суд за суденје на престапленијата извршени против македонската национална чест од 30.XII.1944 г. и Законот за изменение и дополнение на Решението на АСНОМ за создавање на Суд за суденје на престапленијата извршени против македонската национална чест од 16 април 1945 г. | 2 |
| 82 | Уредба за привременото регулирање на емните отношенија за квартири и локали во Демократска и федерална Македонија — | 2 |
| 83 | Уредба за создавање на федерално автомобилно предпријатие за Македонија — | 3 |
| 84 | Решение за поништување на решението на Президиумот на АСНОМ бр. 2 од 25.I.1945 г. со кое е назначена Времена Комисија за кооперативно дело при Президиумот — — | 3 |
| 85 | Решение за ослободување од должност на досегашните членови на извршниот одбор на „МАЦЕКООПС“ — — — — — — — — — | 3 |
| 86 | Уредба за создавање на комисија за кооперативно дело — — — — — — — — — — | 4 |
| 87 | Решение за назначавање на Претседател и членови на Комисијата за кооперативното дело — — — — — — — — — — — — — — | 4 |
| 88 | Уредба за организирањето на работата на државните индустријски и рударски предпријатија — — — — — — — — — — — — | 4 |
| 89 | Уредба за изузимането на државните стопански предпријатија од прописите на Уредбата за Државното рачуноводство и Законот за Главната контрола — — — | 5 |
| 90 | Уредба за изменение и дополнение на уредбата за засилување на приходите на Народните одбори на федерална Македонија за 1945 година № 6 од 19 мај 1945 г. — — — | 5 |
| 91 | Решение за македонскиот правопис — — | 5 |
| 92 | Решение за анулиране на Решението за ликвидација на Трговско-индустриската банка „Вардар“ А. Д. Скопје — — — — | 5 |